**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот | Предлог на Закон за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта, по скратена постапка |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 11.02.2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | НЕ |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1.Кои се главните проблеми?

На 24.11.2012 година, Министерството за финансии испрати допис до Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) со кој ги извести за намерата на Владата на Република Македонија да изврши трансформација на Агенцијата за државни патишта во јавно претпријатие (ЈП) и по основањето на ЈП да побара согласност од ЕБОР за ЈП за државни патишта да биде главен должник, а државата да издаде гаранција за Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа.

2.Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со донесувањето на Законот за гаранција може да се пристапи кон склучување на Договорот за заем меѓу ЕБОР и ЈП за државни патишта со што се овозможи непречена реализација на Проектот за подобрување на постоечката регионална и општинска патна мрежа.

3.Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Нема засегнати страни.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Податоци за финансиските услови на задолжување, начин и рок на отплата на заемот, надлежна институција која ќе го спроведува проектот.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Не се потребни други дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијание на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1.Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

04.02.2013 година.

2.Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не.

3.Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

На 08.02.2013 година.

Г. Ресурси

1.Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?